# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ СРЕДНОВЕКОВНА ИСТОРИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Со Одлука бр.2102-271/32 од 18.9.2013 година, донесена на 41. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, одржана на 18.9.2013 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научна област *средновековна историја* на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Нова Македонија" на 5.9.2013 год. и во предвидениот рок се пријави кандидатот д-р Стојко Стојков. Врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки да му го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Стојко Стојков** е роден на 16 април 1974 год. во Сандански (Република Бугарија), каде што завршува основно и средно образование. Во учебната 1992/1993 година се запишува на Институтот за историја на Филозофскиот факултет во Скопје. Студиите по историја успешно ги завршува во 1997 год. со просечен успех од 9,08 и се стекнува со стручниот назив дипломиран професор по историја. Како најдобар студент на генерацијата, Стојко Стојков е добитник на наградата „Љубен Лапе". Во 1997 год. Стојков се запишува на постдипломски студии на Институтот за историја, отсек Историја на македонскиот народ до крајот на XIV век. Студиите ги завршува со висок просек од 9,80, а во јули 2003 год. успешно го одбранува својот магистерски труд под наслов „Македонија помеѓу Византија и Бугарија од VII до X век" и се стекнува со академскиот степен магистер по историски науки. Во јануари 2013 год., на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, Стојко Стојков успешно ја одбранува докторската дисертација под наслов „Поимите Словени и Бугари во Македонија и Бугарија од VII до XIII век (појава и значење) и се стекнува со научниот степен доктор на историски науки.

По дипломирањето, д-р Стојко Стојков работи како преведувач на историски документи за Архивот на Македонија, потоа како новинар во неделникот „Македонско сонце", како новинар и главен уредник на билтенот „Македонски глас" (Бугарија), а од декември 2003 год. до денес работи како новинар и заменик на главниот уредник на весникот „Народна волја" (Благоевград). Д-р Стојко Стојков пројавил забележителна активност и во рамките на пиринското студентско друштво во Скопје (претседател и секретар од 1994 до 1996 г.), потоа во ОМО „Илинден" (1990-1998 г.), во Сојузот за просперитет на Пиринска Македонија (1992-1993 г.), во ОМО „Пирин" (2004-2006 г. како копретседател) и во ОМО „Илинден-Пирин" (2006-2013 г. како копретседател и портпарол).

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Во својот досегашен ангажман д-р Стојко Стојков пројавил забележителна активност на научен план. Објавил повеќе научни, стручни и научно-популарни прилози во научни и стручни списанија и во весници, учествувал со реферати на повеќе симпозиуми и меѓународни научни конференции, собрал и објавил повеќе спомени и документи од научно значење, извршил преводи на документи и текстови за Институтот за национална историја во Скопје и Државниот архив на Република Македонија

***Научни статии и брошури***

1. Застарен и погрешен приод во интерпретирањето на средновековната историја на македонскиот народ, сп. Историја, год.XXXVII, бр.1-2, Скопје, 2001, 127-132. - Студиозен осврт на првиот том од едицијата Историја на македонскиот народ, во издание на ИНИ, со конструктивни критички забелешки за начинот на којшто е интерпретирана македонската средновековна историја.
2. Осврт на движењето на Македонците во Пиринскиот дел на Македонија за национални права (1990-1998), Македонска национална свест-корените, развитокот и афирмацијата, Делчево, 2002, 293-300. - Прикажани се појавата и развитокот на македонското национално движење во Бугарија од декември 1989 г. кога во Софија е создадена ВМРО (независна) „Илинден" до 1998 г. кога завршува обединувањето на македонските организации во Бугарија.
3. Македонските организации „Илинден" во Пиринска Македонија (1998-2002), Меѓународен научен симпозиум „100 години Илинден 1903-2003", Прилози од научниот собир одржан од 6 до 8 мај 2003 г. во МАНУ, Скопје, 2003 г. - Студиозен прилог со научен апарат за дејноста на двете организации со името „Илинден" и тешкотиите со кои се соочувале заради негаторскиот став на бугарската држава.
4. Nationalism and the Middle Ages: The Mzth for the Creation of Slavic-Bulgarian Nation in 9th-10th Centurz, internet scientists' magazine: Hi-storz, njnjnj. Hi-storz.org. - Критички осврт на мислењето застапено во бугарската историографија за формирање на словено-бугарски народ во 9-10 век.
5. Сергеј Борисович Сорочан, Византия IV-IX веков. Етюды Рынка, структура и механизмов обмена, Историја, XXX/1-2, Скопје 2004, 207-209. (приказ).
6. Петнаесет години легално македонско движење во Бугарија по паѓањето на комунизмот, Благоевград 2005 г. - Брошура од 19 страници текст со научен апарат од 84 фусноти, во која се презентира борбата на Македонците во Бугарија за човекови и национални права од 1990 до 2005 година.
7. Македонија како татковина и националните колебања на Мисирков, Меѓународен научен собир „Македонскиот идентитет низ историјата", ИНИ, Скопје 2010, 215-243. - Студиозен научен осврт на дејноста на Мисирков со акцент на сфаќањата и атрибутите на Македонија, како мајка, како дом, како татковина, како света Македонија, како цела и неделива и сл. Се осврнува и на извесни колебања на Мисирков и констатира дека на крајот, сепак, најважна е целта, а тоа е единствена и независна Македонија. Сè друго се само патишта кон таа цел.
8. Што пишува во „Историја на македонскиот народ", том I, Македонско сонце, бр.350, 351, 352, Скопје 2001 г. - Опширен текст од 9 страници во кој се наведуваат грешките и пропустите на авторите и површниот приод во интерпретирањето на материјалот, како и пропустите на издавачот.

Од научен аспект, посебно значење за македонската историска наука имаат магистерската и докторската дисертација на Стојко Стојков.

Магистерскиот труд под наслов „Македонија помеѓу Византија и Бугарија од VII до X век" (во ракопис) се состои од 196 страници текст. Во него се обработуваат прашања од средновековната историја на македонскиот народ во раниот период. Притоа, посебно внимание кандидатот посветува на етногенетските процеси во Македонија по доселувањето на Словените, кои во Македонија затекнале голем број староседелци, се измешале со нив и постепено успеале да им го наметнат својот јазик. Од староседелците Словените прифатиле некои елементи од селското стопанство и некои нови култури (грозје, маслинки и сл.). За контактите и мешањето на Словените со староседелците, кандидатот наоѓа податоци во топонимијата, во начинот на погребувањето, а исто така и во некои претстави во фолклорот и во некои народни верувања. Магистерскиот труд на Стојко Стојко претставува значаен научен прилог во расветлувањето на прашања од македонската средновековна историја.

Докторската дисертација под наслов „Поимите Словени и Бугари во Македонија и Бугарија од VII до XIII век (појава и значење)" (во ракопис) е обемен труд од 624 страници. Текстот на дисертацијата е проследен, дополнет и збогатен со обемен научен апарат, од преку 2.500 фусноти, што говори за студиозниот и продлабочен научен пристап на кандидатот во

обработката и презентирањето на материјалот. Со детална анализа на изворите од различна провениенција и со критичко проучување на соодветната историографска литература, Стојко Стојков ги истражува и научно ги обработува наведените етнополитички поими, кои имале значајна улога во македонската средновековна историја. Докторската дисертација на Стојко Стојков претставува значаен истражувачки труд, заснован на релевантен изворен материјал и адекватна стручна литература. Со одговорен, студиозен и објективен научен пристап, д-р Стојко Стојков ги обработува наведените етнополитички поими, нивната појава, начинот на користење, значењето, развојот и меѓусебниот однос. Со тоа, во голема мера, придонесува за нивна демистификација и овозможува правилно разбирање на етничките состојби во Македонија и во Бугарија во наведениот период. Докторската дисертација на Стојко Стојков претставува значаен научен придонес во македонската медиевистика и придонесува за расветлување на многу прашања од македонската средновековна историја.

***Учество со реферат на меѓународни научни собири***

1. Борбата на Македонците во Пиринска Македонија за национални и човекови права, Меѓународен собир „Гоцеви денови”, Голак, 1999 г.
2. Македонските организации „Илинден” во Пиринска Македонија (1998-2002), Меѓународен научен симпозиум „100 години Илинден 1903-2003“, МАНУ, Скопје, 2003 г.
3. Македонија како татковина и националните колебања на Мисирков, Меѓународен научен собир „Македонскиот идентитет низ историјата”, Скопје, 2008 г.
4. Судир на концепции за решавање на македонското прашање на страниците на „Пиринско дело” (1945-1947), Меѓународен научен симпозиум Македонската емиграција во Бугарија 1945-1950, МАНУ, Скопје, 2008 г.
5. Ниа сме синку христјани, Меѓународен научен симпозиум посветен на Неофит Рилски, Мелник 2011 г. (на бугарски и на грчки јазик).

***Научнопопуларни статии и материјали***

Д-р Стојко Стојков објавил преку 40 научнопопуларни статии во весници во Македонија и во Бугарија, најмногу во „Народна волја” и „Македонски глас”, кои излегуваат во Благоевград, потоа во„ Македонско сонце” и „Пирински глас”, кои излегуваат во Скопје, и тоа:

„Народна волја” македонски весник за теорија, историја, култура и уметност (Благоевград, Р. Бугарија).

- Македонецът пее все за хора, които пяха и мряха за Македония, јан. 1999 г.
- Македонците в светлината на западната наука, септември 2000 г.
- Стоте лъжи на Божидар Димитров, ноември 2000 г., 5 страници.
- Институции од национално значење, Институт за национална историја, 1-15 јануари 2004 г.
- Во Бугарија секогаш беше мошне трешко да се биде Македонец (интервју со Горги Попатанасов), 16-31 јануари 2004 г.
- Историята не забравя. Един безкраен синджир от мъка, февруари 2004 г.
- Национална грандомания вместо знания:Исторически комплекси върху историческите карти, 16-29 февруари, 1-15 март, 16-31 март 2004 г.
- Другите за нас. Полски учен за Македония, 16-31 март 2004 г.
- Етническите промени в Македония след 1913 г., 1-15 април, 16-30 јуни, 1-15 май 2004 г.
- Македонските земи в поемата на Омир Илиада, бр.11(1-15 јуни), бр.12 (16-30 јуни) 2004 г.
- Камьни на лъжата, Български фалшификации на македонската история, 1-15 октомври 2004 г.
- Древната жарава тлее, В изгрева на македонската империя залязва персийската, 1-15 октомври 2004 г.
- При изворите на историята: Още не беше изгрела месечината....., 1-15 ноември 2004 г.;Селяните ни посрещнаха братски, 16-30 ноември 2004 г.; Радостта им, че са се освободили нямаше граници, 1-15 декември 2004 г.

– 130 години от рождението на Крьсте Мисирков, Македонецът на двадесети век, 1-15 декември 2004 г.
– 133 години от рождението на Гоце Делчев, Аз разбирам света...., февруари 2005 г.
– Яне и мъртв работи за Македония, јуни 2005 г.
– Те бяха също като нас младежи, август 2005 г.
– Елементарни провокации плод на научна некомпетентност, март 2006 г.
– Една дългогодишна подигравка с науката и с Македония, февруари 2007 г.
– Величието на един мираж, Фикцията Санстефанска България, март 2007 г.
– Към поредния пасквил, Мълчанието на плямпачите, септември 2007 г.
– О темпора, о морес!, Против Македонците в България, октомври, ноември, декември 2007, 16 страници. Критика на книгата на Д.Тюлеков, Политическия мит за „македонското малцинство" в България.
– Машина за фалшифициране на историята, февруари 2008 г.
– Откритие: Македонци, Македонци, Македонци....., април, мај 2008 г.
– Научна конференция в Скопие: За македонската емиграция в България (1944-1950), ноември 2008 г.
– Срещу лъжата трябва да се борим:„Знаещите не говорят, говорещите не знаят"!, август 2009 г.
– Срещу патологичните лъжи, октомври, ноември 2009 г.
– 100 години от рождението на Никола Йонков Вапцаров, „Родино, твоя образ ме опива, твоя глас неспирно ме зове", Родината в ранната му поезия, декем. 2009 г.
– Книги: Още един български мит на подсъдимата скамейка на историята, јануари 2010 г.
– Наука. Пак за генетичните изследвания, февруари 2010 г.
– Малцинства, права и бъдеще. По следите на една престъпна политика, јуни-јули 2010 г.
– По следите на един отричан геноцид: Холокостът и България, април, мај, јуни 2011 г.
– По повод на публикация: Нов български куршум срещу Яне Сандански, јуни 2012
– Солунските братя Кирил и Методий, мај 2013 г.
– С Басни срещу истината, със страх срещту правото, јули 2011-јуни 2013 г. (продолжува) - обемен научнопопуларен историски текст. Досега се објавени 76 страници.

„Македонски глас"

- Македонското движение в България след падането на комунизма, бр.1-7, Благоевград, Януари 2005-Юли 2006 г., 22 страници.

„Македонско сонце"

– Македонците во Бугарија постојат во сите пописи: На пописот од 1946 г. во Бугарија не постоела графа „Македонец", бр.273; Дали Македонците слободно се изјаснувале, бр.274; Бугарштината против македонската национална посебност, бр.275, септември-октомври 1999 г.
– Византија и ние, бр. 288 и 289, 31-12.1999-7.01.2000 г.
– Романците велат: Бугарите се Срби, бр.327, септември 2000 г.
– Алфред Делакулонж, Лулката на македонската државност, Хисториа Антиља Мацедоница, 2002 г. (приказ) „Пирински глас"
– Запис за исчезнувањето на едно пиринско село. Како пропадна Градешница, бр. 1, 1998 г.
– Зачувани митски верувања. Истражувања: народни нехристијански верувања во село Игралиште, 1998 г.
– Навраќања: Најголемиот современ бугарски историски мит. Фикцијата-Санстефанска Бугарија, бр.12, 1998 г.

Д-р Стојко Стојков бил раководител на научниот проект: Репресирани

Македонци во Бугарија во времето на комунизмот (1944-1989), финансиран од Министерството за образование и наука.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Д-р Стојко Стојков во изминатиот период учествувал во три научни проекти, и тоа:

– Активностите на македонската емиграција во Бугарија 1944-1949 г. МАНУ, раководител акад. Иван Катарџиев.
– Бугарските трговски агентства во Македонија, раководител д-р Михајло Миноски
– Проект: Зборник документи за борбата на Македонците во Бугарија-зборник документи и материјали, раководител д-р Михајло Миноски.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на претходно изнесените податоци и оцени за научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на д-р Стојко Стојков може да се заклучи дека се работи за изграден и афирмиран научен истражувач со потврдени квалитети и компетенции во областа со која се занимава. Д-р Стојко Стојков со својата досегашна активност остварил доволен број поени за избор во наставно-научно звање. Според Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, кандидатот остварил вкупно 126 поени и тоа: во доменот на наставно-образовната дејност остварил 75,5 поени, во доменот на научноистражувачката дејност остварил 40,5 поени и во доменот на стручно-апликативната дејност остварил 10 поени. Поради тоа, со особено задоволство и чест му предлагаме на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки да го избере д-р Стојко Стојков во звањето доцент за наставно-научната област средновековна историја.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Коста Аџиевски, с.р.**
**Проф. д-р Бобан Петровски, с.р.**
**Доц. д-р Тони Филипоски, с.р.**

## П Р И Л О Г

Табела за вреднување на активностите на **д-р Стојко Стојков** од научната областа средновековна историја според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип

| **Ред. број** | **Наставно-образовна дејност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Научнопопуларна статија во весник | **36** | **2** | **72** |
| **2.** | Научнопопуларна статија во весник | **7** | **0,5** | **3,5** |
| **Вкупно:** | | | | **75,5** |
| **Ред. број** | **Научноистражувачка дејност** | **Бодови** | **Поени** | **Вкупно** |
| **1.** | Одбранета докторска теза | **1** | 8 | 8 |
| **2.** | Одбранета магистерска работа | **1** | 4 | 4 |
| **3.** | Раководител на научен проект | **1** | 4 | 4 |
| **4.** | Учество на научен собир со реферат | **4** | 1 | 4 |
| **5.** | Учество на научен собир со реферат | **1** | 1,5 | 1,5 |
| **6.** | Труд со оригинални научни резултати | **3** | 3 | 9 |
| **7.** | Прегледан труд | **1** | 5 | 5 |
| **8.** | Труд со оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови | **3** | 1 | 3 |
| **9.** | Учесник во научен проект | **1** | 2 | 2 |
| **Вкупно:** | | | | **40,5** |
| **Ред. број** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Бодови** | **Поени** | **Вкупно** |
| **1.** | Учесник во научен проект | **2** | **5** | **10** |
| **Вкупно:** | | | | **10** |
| **ВКУПНО** | | | | **126** |